# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НОВАЦИ

**www.opstinanovaci.gov.mk**
**opstina@opstinanovaci.gov.mk**

**31.12.2025 година**
**БРОЈ 5/2025 НОВАЦИ**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
за прогласување Заклучок за прифаќање на Барање од ООУ ,,Славко Лумбарковски,, Новаци

1. Се прогласува, Заклучок **за прифаќање на Барање од ООУ ,,Славко Лумбарковски,, Новаци**, што Советот на Општина Новаци, го донесе на седницата одржана на 25.12.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-979/2 Општина Новаци
30.12.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02 и „Сл. весник на РСМ” бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Слу. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/2019 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 25.12.2025 година, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прифаќање на Барање од ООУ ,,Славко Лумбарковски,, Новаци**

1. ООУ ,,Славко Лумбарковски,, Новаци, до Општина Новаци достави Барање бр. 05-434/1 од 23.12.2025г до Советот на Општина Новаци, за проширување на Буџетот за 2026г. за донаторска сметка Еразмус +. Советот го разгледа и го прифати Барањето, на ООУ ,,Славко Лумбарковски,, Новаци.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Новаци“.

14-948/4 Совет на општина Новаци
25.12.2025 Претседател
Новаци Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување Одлука за донесување на Буџетот на Општина Новаци за 2026 година**

1. Се прогласува, Одлука за донесување на Буџетот на Општина Новаци за 2026 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 25.12.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-979/3
30.12.2025
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 22 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (,,Сл. весник на РМ’’ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Сл. весник на РСМ,, бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24 и 37/25), член 37 став 8 од Законот за буџети („Сл. весник на РМ“ бр. 203/2022 и 76/2024), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. весник на РМ’’ бр.5/2002 и 202/2024) и член 21 став 1 точка 4 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 7/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 25.12.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за донесување на Буџетот на Општина Новаци за 2026 година**

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Буџетот на Општина Новаци за 2026 година.

Член 2

Одлуката за донесување на Буџетот на Општина Новаци за 2026 година, влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ’’Службен гласник на Општина Новаци’’.

14-948/5
25.12.2025
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

за прогласување Одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2026 година

1. Се прогласува, Одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2026 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 25.12.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-979/4 Општина Новаци
30.12.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02 и „Сл. весник на РСМ” бр. 202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Сл. весник на РСМ,, бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 36 став 2 од Законот за буџети („Сл. весник на РСМ“ бр. 203/22 и 76/24), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Сл. весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Сл. весник на РСМ бр. 275/19, 14/2020, 215/2021, 99/22 и 208/24), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Сл. весник на РСМ “ бр. 51/20 и 172/21), член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр.7/19 и 16/24) и Колективниот договор на Општина Новаци бр. 03-305/1 од 17.03.2025г., Советот на Општина Новаци на 5тата седницата одржана на ден 25.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2026 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Новаци за 2026 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст-Буџетот).

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од:
- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности,
- Буџет на донации;
- Буџет на дотации и
- Буџет на заеми.

**Член 3**

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските

начела, а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до **15 ноември** во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од **20%** со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати, и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од **10%**.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации, буџетот на дотации или буџетот на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- коефициентот за исплата на плата на градоначалникот е утврден согласно Законот за исплата на плати и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, и изнесува 2,08, а основицата на која се пресметува е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика;
- вредноста на бодот на административните/државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината;
- на вработените во ТППЕ како и на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Новаци, и измените од истиот.

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2026 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

- средствата ќе се планираат на сметка – дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи (903);
- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;
- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М –1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 40 % од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 700 денари[2] и тоа за секои поминати од 08 – 12 часа половина дневница (350 денари) и цела дневница од 12,$^{01}$ - 24 часа цела дневница (700 денари).

За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како завработените во органите од централната власт.

**Член 14**

Исплата на име надомест за регрес за годишен одмор ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 и Градоначалник - Д0, Расходно конто 404110 – Надомест за годишен одмор на основа донесено решение од Градоначалникот.

Висината на надоместокот за годишен одмор изнесува една (1) просечна месечна нето плата во Република Северна Македонија, објавена во претходниот месец пред исплатата на надоместокот за годишен одмор.

**Член 15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 – Разни трансфери

**Член 16**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 17**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучуваГрадоначалникот.

**Член 18**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0, односно Н1 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата, во случај на смрт на член на потесно семејство на вработениот (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) му припаѓа парична помош во износ од една просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата, односно во висина на помошта урврдена со соодветниот Грански колективен договор и Колективен договор на Општина Новаци бр. 03-305/1 од 17.03.2025 г., а исплатата ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 – Други трансфери.

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

**Член 19**

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот, согласно Колективен договор на административните службеници и другите вработени во Општина Новаци.

**Член 20**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Закон за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни

установи, со соодветна пропратна документација, и

- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3) и (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

**Член 22**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 23**

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветното јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

**Член 24**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 25**

Буџетот на Општина Новаци се извршува од 01.01.2026 до 31.12.2026 година.

**Член 26**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци", а ќе се применува од 01 јануари 2026 година.

14-948/6
25.12.2025
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување Буџетски календар за 2026 година на**

**Општина Новаци.**

1. Се прогласува, **Буџетски календар за 2026 година на Општина Новаци**, што Советот на Општина Новаци, го донесе на седницата одржана на 25.12.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-979/5 Општина Новаци
30.12.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Сл. весник на РСМ„ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ 202/24), член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 7/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 25.12.2025 година донесе:

# БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР за 2026 година на ОПШТИНА НОВАЦИ

Член 1

| **МОЖЕН ДАТУМ** | **БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ** | **ОДГОВОРНСТ** |
|---|---|---|
| 1-30 Септември | Министерот за финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетите за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РМ, кој им го доставува на општините. | Закон за буџетите Сл.в. 203/22 и 76/2024<br>Закон за финансирање на ЕЛС Сл. в. 61/04 , 96/04 , 67/07 , 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 , 170/24 и 37/2025 |
| 5 октомври | Градоначалникот и Раководителот на Одделението за финансиски прашања се состануваат за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година. | Градоначалник<br>Раководител на Одделението за финансиски прашања |
| 10 октомври | Буџетските информации со формуларите за буџетските побарувања со упатствата се доставуваат до одделенијата и буџетските корисници заедно со писмото на Градоначалникот за зацртаните одредби. | Раководител на Одделението за финансиски прашања |
| 25 октомври | Проценката на трошоците за наредната буџетска година се враќаат на Раководителот на Одделението за финансиски прашања од останатите одделенија и буџетски корисници. | Раководители на одделенија<br>Буџетски корисници |

| | | |
|---|---|---|
| 30 октомври | а. Се собираат буџетските барања<br>б. Барањата се анализираат и усогласуваат<br>в. Се изготвува билансот на приходи<br>г. Се изготвува билансот на расходи | Раководител на Одделението за финансиски прашања |
| 10 ноември | Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените буџетски пресметки и го одобрува Нацрт-буџетот подготвен од Раководителот на Одделението за финансиски прашања | Градоначалник |
| 25-30 ноември | Нацрт-буџетот (работен материјал) се разгледува првпат од Советот на Општината и се расправа за евентуални дополнувања. | Совет на Општината |
| до 5 декември | Се доставува конечен предлог-буџет од страна на Градоначалникот | Градоначалник |
| 20 декември | Се води расправа во телата на Советот на Општината | Комисија за финансирање и буџет |
| 24-31 декември | 1. Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година.<br>2. Доколку Советот не го усвои Предлог-буџетот донесува одлука за времено финансирање согласно Законот за финансирање на ЕЛС<br>Член 28 став 2. | Совет на Општината |
| 1 јануари | Започнува новата буџетска година | |

Член 2

Ббуџетскиот календар на Општина Новаци за 2026г. , влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ’’Службен гласник на Општина Новаци’’.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување Програма и акциски план за социјална заштита**
**на граѓаните на Општина Новаци за 2026 година**

1. Се прогласува, Програма и акциски план за социјална заштита на граѓаните на Општина Новаци за 2026 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 25.12.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-979/6 Општина Новаци
30.12.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

ОПШТИНА НОВАЦИ

# ПРОГРАМА И АКЦИСКИ ПЛАН
# ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА НОВАЦИ
# за 2026 година

## Вовед

Програмата за социјална заштита за 2026 година на Општина Новаци дефинира повеќе приоритетни активности од областа на социјалната заштита на граѓаните и граѓанките на Општина Новаци, кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупната социо-економска и здравствена положба на граѓаните/ките на Општина Новаци. Социјалната заштита како темел врз кој се гради стратегијата за работа со граѓаните/ките на ниво на Локална самоуправа, е составен дел на Буџетот на Општина Новаци за заштита, помош и поддршка на лицата во социјален ризик, лицата со попреченост, старите лица, децата, односно сите оние кои што се изложени на социјален ризик од било каков вид кој што може да има последици врз нивната добробит.

Во насока на подобрување на условите на локално ниво во сферата на социјалната заштита, Општина Новаци прави напори во рамките на своите можности да се вклучи посеопфатно и поорганизирно во решавање на проблемите на своите граѓани/ки. Поаѓајќи од тоа Програмата за социјална заштита на Општина Новаци е систем на мерки и активности насочени кон општо подобрување на условите за живот на сите граѓани/ки, особено на најсиромашните и социјално исклучените граѓани/ки кои најчесто се постари лица, жени, луѓе со попреченост и сл. Општина Новаци се обврзува да ги употреби сите расположливи ресурси притоа земајќи ги во предвид реалните услови за живот и потребите на жените, мажите и децата, материјалните, професионалните и организациските можности на Општина Новаци.

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност. Односно ќе обезбеди организирање на социјалната заштита преку организирање и развивање на облици и форми на давање социјални услуги на одделни групи на граѓани кои се нашле во состојба на социјален ризик. Целни групи кои ќе бидат опфатени со Програмата со социјална заштита се сите граѓани/ки од Општина Новаци кои во моментот на своето живеење и делување биле зафатени или погодени од одредени социјални ризици. Притоа, програмата е родово-сензитивна, односно ги зема предвид различните потреби на жените и мажите во општината и препознава дека жените со сите нивни различности поради својата општествена улога се многу почесто во поголем социјален ризик од мажите

## Законски рамки според кои се подготвува самата програма

Општина Новаци во остварувањето на својата надлежност од областа на социјалната заштита работи согласно важечката законска регулатива и подзаконските акти донесени од државата, односно Програмата за социјална заштита на Општина Новаци за 2026 година произлегува почитувајќи ги:

- Законот за социјалната заштита („Сл. весник на РСМ„ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25)

- Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2025 год. („Сл. весник на РСМ„ бр. 278/24),
- Законот за социјална сигурност за старите лица („л. весник на РСМ„ бр. 104/19 и 192/25),
- Законот за заштита на децата („Сл. весник на РМ„ бр. 23/13,12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 195/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18) и („Сл. весник на РСМ " бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25),
- Законот за семејство („Сл. весник на РМ„ бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15, 150/15) и („Сл.весник на РСМ„ бр 53/21 199/23 и 192/25),
- Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство („Сл. весник на РСМ„ бр. 24/21 и 39/25),
- Закон за еднакви можности на жените и мажите („Сл. весник на РМ„" бр.6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Сл. весник на РСМ" бр.53/21 и 39/25),
- Закон за спречување и заштита од дискриминација(„Сл. весник на РСМ бр. 258/20),
- Законот за финансирање на Единиците на Локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Сл. весник на РСМ„ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25),
- Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр.5/02 и „Сл. весник на РСМ„ бр.202/24),
- други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија.

## Цели на програмата

Главна цел на Програмата за активностите во обласа на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Новаци е да предложи форми на социјална, детска и здравствена грижа и да одреди приоритети во решавањето на истите во рамките на своите законски овластувања за добробит на своите граѓани/ки, земајќи ги во предвид различните потреби и интереси на жените и мажите, на старите и младите, девојчињата и момчињата. Програмата се темели на начелата за еднаквост, (вклучително и родова еднаквост), недискриминација и почитување на човековите права и истата директно придонесува кон имплемантација на обврските кои произлегуваат од меѓународните, националните и локалните документи во овие области. Останати цели на програмата се:

- Развој на социјалната заштита и социјална превенција како организирана и координирана активност на локално ниво
- Зајакнување на вонинституционалната заштита преку воведување на нови социјални услуги согласно со потребите на граѓаните/граѓанките.
- Создавање услови за намалување на зависноста од институционална заштита преку развивање на алтернативни форми на заштита.

- Воведување на модалитетите за реализација на јавно-приватно партнерство во социјалната заштита

**Предмет на програмата**

Предмет на оваа Програма се мерки и активности кои ќе се реализираат во текот на 2026 година, а преку кои ќе се имплементираат надлежностите на Општина Новаци, во областа на социјалната заштита.

**Приоритети**

Со Програмата се предвидува фокусот на активностите на Општина Новаци во областа на социјалната заштита, да биде насочен кон остварување на приоритетните цели на оваа Програма и тоа:

- Социјална заштита на стари лица
- Социјална заштита на жртви од семејно насилство
- Ран детски развој
- Социјална заштита на лица со попреченост
- Намалување на сиромаштијата и социјална исклученост
- Финансиска поддршка на лица кои имаат потреба од неа

**Социјални проблеми и ризици**

Видови на социјални проблеми и ризици на кои се изложени граѓаните/ќите и категории на лица кои ги опфаќа оваа Програма:

- ризици по здравјето (смрт, болест, повреда)
- ризици од попреченост
- ризици од стареење ( старост и преживување)
- проблеми кои настануваат како последица од природни непогоди (пожари, поплави, земјотреси и сл) и епидемии
- ризици по мајчинство и семејство
- проблеми кои се поврзани со болести од зависност (зависност од дрога, коцкање, алкохол и сл.)

**Категории на лица** опфатени со ова Програма, кога ќе се најдат во исклучително тешка состојба се:

- домаќинства во социјален ризик
- стари лица без семејна грижа
- лица со посебни потреби
- лица засегнати со злоупотреба на дрога, алхохол и коцкање
- лица со здравствени проблеми
- деца со воспитно-социјални проблеми

- деца со еднородителски семејства
- лица изложени на социјален ризик

- лица - жртви на секаков вид на насилство
- лица погодени од елементарни непогоди, пожари, погребални трошоци и друго.

Социјалната заштита што се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им се обезбеди социјална превенција, социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност и кога се во исклучителна тешка состојба.

**Вредности и принципи на програмата**

Системот на социјална заштита се заснова на начелото социјална праведност и солидарност, давање посебна заштита на немоќните и неспособните граѓани/ки за работа, посебна грижа и заштита на семејството, грижа за децата, за сите домаќинства кои се наоѓаат во социјален ризик.

Вредности и принципи врз кои се темели Програмата за социјална заштита на Општина Новаци се:

- Најдобри интереси на корисниците
- Социјална праведност и солидарност
- Достапност на услугите на корисниците
- Заштита на немоќните
- Учество и одговорност на учесниците
- Грижа и заштита на семејството во било каков облик и на децата без родителска грижа
- Родова сензитивност
- Континуитет на заштита

**Мерки и активности**

Општина Новаци, со цел обезбедување на социјалната заштита за нејзините граѓани/ки, ќе ги спроведува следните мерки и активности:

- Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на оддредени категории на лица (стари лица без семејна подршка, болни и изнемоштени лица, лица со попреченост, семејства настрадани од елементарни непогоди, самохрани родители без дополнителни приходи, лица кои останале без работа и приходи, жртви на семејно насилство и сл.) кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба, согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на Општина Новаци за 2026 година:

- Еднократна парична помош за секое новородено дете, за секое дете кое во учебната 2026/27 год. се запишува во прво одделение во ООУ “Славко Лумбарковски“- Новаци, за ученици кои учествуваат во натпревари од повисок ранг, за ученици кои поради наставата имаат потреба од компјутери, како и за студенти, жители на Општина Новаци кои ќе се запишат прва година - прв циклус студии на било кој факултет на државните универзитети во РСМ во академската 2026/27 година.

- Социјална заштита на стари лица – реализација на проектот „Развој на социјалната услуга помош и нега во домот на старите лица“ како и поддршка на активности на Здруженија на пензионери („Сложни пензионери“, „Силата на бабата“ и „Здружение на пензионери, огранок Новаци“) во насока на промоција на активна вклученост во општествениот и социјалниот живот што ќе придонесат кон зголемена општествена, социјална и културна активност на старите луѓе.

- Ран детски развој - активности со кои се пружа помош и поддршка во работењето на ЈОУДГ “Бамби“ с. Новаци преку набавка на опрема и обезбедување на превоз за непречено реализирање на предвидените активности како и ослободување од партиципација на деца кои се згрижени во детската градинка и потекнуваат од социјално загрозени семејства.

- Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население.

- Поддршка на стручни организации, здруженија на граѓани и стручни лица кои би организирале советодавна помош на категории граѓани во социјален ризик, обуки и активности за нивна интеграција, како и предавања и трибини за едукација против зависности и други болести, секаков вид на насилство и сл.

- Соработка со Националната мрежа против насилството врз жените и семејно насилство, преку финансиска поддршка на Регионалниот женскиот центар за поддршка од Битола во кој можат да се обратат за помош и подршка жртви на насилство - жители на Општина Новаци.

**<u>Постапка за реализација</u>**

Целта за остварување на паричната помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица согласно надлежноста на општината во областа на социјалната заштита утврдена во Законот за локалната самоуправа и Законот за социјалната заштита како и други законски и

подзаконски акти во оваа област, е Општината да им излезе финансиски или на друг начин, во пресрет на загрозените лица кои имаат потреба од социјална заштита и помош, а согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на Општината за 2026 година.

Висината на надоместокот, видовите на мерките и услугите за социјална заштита и превенција, за наведените категории на лица ќе се утврдуваат врз основа на поднесено барање со комплетна документација со која би се потврдил основот на барањето, а по дадено позитивно мислење од страна на Комисијата за доделување на еднократна парична помош и по донесена одлука од страна на Советот на Општина Новаци или Градоначалник на Општина Новаци.

Оваа активност како мерка во рамките на реализацијата на Програмата за социјална заштита на Општина Новаци за 2026 година, ќе се спроведува од страна на Општина Новаци преку надлежните одделенија.

Средствата за исплата на парична помош и за обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на наведените категории лица ќе се обезбедуваат согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на Општина Новаци за 2026 година во вкупен износ од **1.005.000,00** ден.

Целта на организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население е преку организарање на акција за собирање на облека, храна и друга опрема, е да им се помогне на социјално загрозени семејства и лица.

Носители на спроведување на активноста покрај Општина Новаци, ќе бидат вклучени и јавните установи, невладини организации и здруженија.

Со спроведувањето на оваа активност се превземаат мерки за спречување на настанување на социјални ризици, рано откривање и третман на жените и мажите односно на лицата и домаќинствата кои се соочуваат со потешкотии и проблеми.

Оваа активност ќе се спроведе во соработка со Меѓуопштинскиот центар за социјална работа од Битола, Подрачната полициска станица во с. Новаци, Општинска организација на Црвен крст – Битола, училиштата, здравствена установа, невладини организации и здруженија на граѓани како и други правни и физички лица.

**Финансирање**

За реализацијата на Програмата ќе се обезбедат потребни финансиски средства од Буџетот на Општина Новаци за 2026 год. во вкупен износ од **1 005 000,00** ден. од Буџетот на РС Македонија и донатори.

Разгледувањето на барањата од граѓаните ќе го врши Комисија за доделување на еднократна парична помош формирана од страна на Советот на Општина Новаци. По добиеното позитивно мислење од страна на Комисијата за еднократна парична

помош за висината на финансиските средства ќе одлучува Градоначалникот на Општина Новаци за средства до 10.000,00 денари бруто износ, а за средства до 20.000,00 денари бруто износ ќе одлучува Советот на Општина Новаци.

Средствата ќе се уплаќаат на трансакциска сметка на граѓанинот/ граѓанката.

**Завршна одредба**

При реализација на Програмата ќе се води родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово одговорно буџетирање во оваа област.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник,“ на Општина Новаци.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски

ОПШТИНА НОВАЦИ

Предлог - Програма за социјална заштита на граѓаните на општина Новаци

2026

| АКЦИОНЕН ПЛАН | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Активност** | **Одговорни** | **Опис на активност** | **Цел** | **Време** | **Финансиски Ресурси (сума изразена во МКД )** | **Индикатори** |
| 1 | Доделување на парична помош | | | | | | |
| 1.1 | Еднократна парична помош на физички лица | Градоначалник и Совет на Општина Новаци | Еднократна парична помош на физички лица изложени на социјален ризик припадници на оддредени категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба | Помош и финансиска поддршка на лица кои што се наоѓаат во независна положба за надминување на истата | 2026 | 500.000,00 | Број на корисници кои добиле еднократна парична помош (разделени по пол) |
| 1. 2 | Еднократна парична помош на ученици | Градоначалник и Совет на Општина Новаци | Еднократна парична помош за секое дете кое во учебната 2026/27 год се запишува во прво одделение / ученици кои учествуваат во натпревари од повисок ранг / ученици кои поради онлајн настава имаат потреба од комјутери што припаѓаат на социјално загрозени семејства | Помош и финансиска поддршка на ученици | 2026 | 90. 000,00 | Број на деца кои добиле финансиска помош и подршка (разделени по пол) |
| 1.3 | Еднократна парична помош на студенти | Градоначалник и Совет на Општина Новаци | Еднократна парична помош на редовни студенти, жители на О. Новаци кои ќе се запишат прва година - прв циклус студии на | Помош и финансиска поддршка на студенти | 2026 | 100.000,00 | Број на студенти кои добиле финансиска помош и поддршка |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | државните универзитети во РСМ | | | | (разделени по пол) |
| 2 | Социјална заштита на стари лица | | | | | | |
